Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15 , 27/16 , 120/16 и 165/17) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

Архивски знак: ______ год.
Рок на чување: ______
______ 20__ година
09. 02. 2018 Потпис.

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05 – 003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, се менуваат податоците за набавките со бр. 5, 24, 38 и 57 од основниот План за јавни набавки за 2018 година и истите гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 6 | 7 |
| 5. | Набавка на репрезентативен материјал | | Февруари | 262.712,00 | 310.000,00 | Постапка со барање за прибирање понуди со објавување оглас | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | Набавка на кетеринг услуги | | Февруари | 211.865,00 | 250.000,00 | Постапка со барање за прибирање понуди со објавување оглас | |
| 38. | Набавка на услуга за привремени вработувања | | Февруари | 2.203.390,00 | 2.600.000,00 | Отворена постапка | |
| 57. | Реконструкција на пречистителни станици | | Мај | 1.271.187,00 | 1.500.000,00 | Отворена постапка | |

3. Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се дополнува со нова набавка** која гласи:

| | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Набавка на писмоносни услуги во внатрешен сообраќај | | Октомври | 7.118.644,00 | 8.400.000,00 | Отворена постапка | Двегодишна набавка |

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05 – 003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2018 година се прави врз основа на следните доставени барања:

- Барање број 05-003388/18-0004 од 25.01.2018 година од Сектор за управување со човечки ресурси со кое се бара зголемување на проценетата вредност на договорот за услугата за привремени вработувања од 1.500.000,00 на 2.600.000,00 денари. Имено, заради потреба од привремено вработување на 6 извршители наместо досегашните 5 извршители, се менува износот на потребните финансиски средства за оваа намена. За можноста за дообезбедување на средства за оваа набавка, како и за начинот на дообезбедување, добиен е позитивен одговор од Секторот за финансиски прашања, број 05-003388/18-0004 од 31.01.2018 година.

- Барање број 03-011011/18-0001 од 06.02.2018 година од Сектор за правни работи, со кое се бара вметнување на нова набавка за писмоносни услуги во внатрешен сообраќај, во Планот за јавни набавки за 2018 година. Имено, бидејќи договорот за поштенски услуги во внатрешен сообраќај е во фаза на потпишување и истиот ќе важи до февруари 2019 година, заради обезбедување на континуитет во услугите потребно е започнување на постапка за јавна набавка на крајот на 2018 година. За оваа набавка добиен е одговор од Секторот за финансиски прашања број 05-003388/18-0007 од 07.02.2018 година за начинот на обезбедување на финансиски средства.

- Барање број 02-006925/18-0003 од 06.02.2018 година од Одделение Кабинет на директорот, со кое се предлага измена на името на набавката Кетеринг за царински празник, во Кетеринг услуги, бидејќи предвидуваат кетеринг услуги и за други поводи, освен за царинскиот празник. Исто така на барања број 02-006925/18-0002 од Кабинетот на директорот, заради мала искористеност на постоечкиот договор за фотографирање, истиот ќе ги покрие и потребите за следната година и не е потребно фотографирањето да биде дел од набавката за репрезентативен материјал. Затоа се менува името на набавката од Репрезентативен материјал и форографирање, во Репрезентативен материјал.

- Допис број 05-007023/17-0018 од 07.02.2018 година од Секторот за финансиски прашања, во кој се наведува дека еден дел од обезбедените средствата за набавка за реконструкција на пречистителни станици се пренаменува за реконструкција на кров на ГП Богородица за која набавка е спроведена постапка и е потребно дообезбедување на средства. За истиот износ , во координација со Секторот за АТР се врши намалување на проценетата вредност на набавката за реконструкција на пречистителна станица во Планот за јавни набавки.

Директор
М-р Ѓоко Танасоски

Број 02-003388/18-0008
Скопје, 09. 02. 2018 година

Изработил: Весна Змајшек
Одобрил: Јово Цутески

Доставено во оригинал до:
- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Директор
- Заменик директор
- Советник на директор
- Сектор за сметководство и финансии,

- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за царински систем
- Сектор за ИКТ
- Сектор за контрола и истраги
- Сектор за професионална одговорност
- Сектор за акцизи и нетарифни мерки
- Сектор за правни работи